**2021041617**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 44 став (8) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА АКРЕДИТАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА НАСТАВНИЦИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на барањето за добивање на акредитација на здруженијата на наставници за организирање на натпревари за учениците во основните училишта.

Член 2

Образецот од член 1 од овој правилник, се печати на хартија со бела боја во А4 формат и е даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-1957/1
3 февруари 2021 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.

**Прилог**

**БАРАЊЕ**

**ЗА ДОБИВАЊЕ НА АКРЕДИТАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА НАСТАВНИЦИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА**

Почитувани,

Врз основа на јавниот конкурс објавен на ден ____.____.________ година, за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари за ученици од основните училишта, Здружението на наставници

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

*(име на здружението на наставници)*

доставува барање за акредитација на здружението за организирање на натпревари за учениците од основните училишта по наставниот предмет

_______________________________________________________________________.

*(име на наставен предмет)*

Датум: Потпис:

| Податоци за здружението на наставниците | |
|---|---|
| Име на здружението на наставници | |
| Претседател на здружението на наставници | |
| Наставен предмет за кој здружението организира натпревари | |
| Контакт лице | |
| Мобилен телефон | |
| Адреса на здружението | |
| e-mail адреса | |
| Телефон | |
| Факс | |
| Интернет страница | |

Прилози кон барањето:

| | |
|---|---|
| 1 | Документ за регистрирана дејност |
| 2 | Тековна состојба на здружението на наставници |
| 3 | Биланс на состојба и биланс на успех на здружението на наставници |
| 4 | Статут на здружението на наставници |
| 5 | Правилник за организирање на натпреварите на здружението на наставници |
| 6 | Тригодишен календар за спроведување на натпреварите во основните училишта во кои ќе бидат содржани наставните предмети, временскиот период за реализација на натпреварите и одговорните наставници кои ќе бидат вклучени во организиацијата и реализацијата на натпреварите |

Документите под реден број 1, 2 и 3 од Централниот регистар на Република Северна Македонија се прибавуваат по службена должност од страна на овластено лице на комисијата за акредитација на здруженија  на наставници.